РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Бр./Nr 12-609/2
26-07-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-609/1 од 06.02.2024 година, со наводи за постоење на незаконитости при спроведување на јавна набавка на услуга „превоз на редовни ученици со носители на дозволи за лински превоз според тарифен модел на општина -----------„ согласно Законот за превоз во патниот сообраќај, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што ДКСК веќе има постапено по иста пријава со исти наводи и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-609/1 од 06.02.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 06.02.2024 година, доставена е пријава заведена со број 12-609/1, со наводи против директорот на ОСМУ ----------------------.
Во пријавата подносителот наведува дека посочениот директор вршел влијание при спроведување на јавна набавка на услуга за општински превоз за ученици и донесување на Одлука различна на предлогот на Комисијата формирана за спроведување на јавната набавка.

При разгледувањето на пријавата бр. 12-609/1 од 06.02.2024 година, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за пријава во која се содржани исти наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет заведен под број 12-4376/1 од 12.09.2023 година и одлучено на 99-та

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

седница одржана на ден 30.01.2024 година на која има донесено одлука од своја надлежност, заведена под број 12-4376/1 од 12.09.2023 година, со која постапката по предметот се запира, од причина што постапиле други надлежни органи.

По разгледувањето на предметниот случај, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК има постапено по предмет со слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по истите, како и донесена Одлука од нејзина надлежност.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата